Уп. бр.08-138

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Телеком Србија АД Белград Србија, со седиште на ул. Таковска бр. 2 Белград, Србија, поднесено преку полномошник Огнен Трајковски од Скопје, на седницата одржана на ден 03.11.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Телеком Србија АД Белград Србија, со седиште на ул. Таковска бр. 2 Белград, Србија има намера да стекне контрола над деловното работење на КАБЛОВСКА ДИСТРИБУЦИЈА СУРЧИН ДОО БЕЛГРАД – Сурчин Србија, со седиште на ул. Војвоѓанска бр. 109, Белград-Сурчин, Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 13.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Телеком Србија АД Белград Србија, со седиште на ул. Таковска бр. 2 Белград, Србија, со која Телеком Србија АД Белград Србија има намера да стекне контрола над деловното работење на КАБЛОВСКА ДИСТРИБУЦИЈА СУРЧИН ДОО БЕЛГРАД – Сурчин Србија, со седиште на ул. Војвоѓанска бр. 109, Белград-Сурчин, Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Телеком Србија АД Белград Србија е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации и нуди услуги за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги.

Телеком Србија АД Белград Србија има едно регистрирано зависно друштво во Република Северна Македонија – Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Максим Горки 11/1-3, Скопје со предмет на работење жичени телекомуникации, односно за давање на сателитски услуги и реемитирање телевизиски програми и сервиси.

КАБЛОВСКА ДИСТРИБУЦИЈА СУРЧИН ДОО БЕЛГРАД – Сурчин Србија е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации и дава интернет услуги и услуги за дистрибуција на медиумска содржина.

КАБЛОВСКА ДИСТРИБУЦИЈА СУРЧИН ДОО БЕЛГРАД – Сурчин Србија нема зависни друштва и не остварува приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**